**Г Р А Д  С К О П Ј Е**

| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | **Градоначалник на Град Скопје** |
| ИЗГОТВУВАЧ: | **Сектор за планирање и уредување на просторот** |
| ПРЕТСТАВНИК: | **Секретар на Град Скопје** |
| ПОВЕРЕНИК: | **Раководител на Сектор за планирање и уредување на просторот** |

# ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА
**за изменување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за реконструкција на улица „Македонско Косовска Бригада“, крак 38 и крак 40**

Скопје, јануари 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија број 79/09“), Советот на Град Скопје на _________седницата одржана на ____________2023 година донесе

**ПРЕДЛОГ- О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за реконструкција на улица „Македонско Косовска Бригада“, крак 38 и крак 40**

Член 1

Во Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Шуто Оризари за реконструкција на улица „Македонско Косовска Бригада“, крак 38 и крак 40 (,,Службен гласник на Град Скопје’’ 14/22) во член 2, став 2, бројот “2022” се заменува со бројот “2023”.

Во член 2, ставот 4 зборовите ,,согласно договорот за одржување и реконструкција на сообраќајници во надлежност на Град Скопје, бр. 08-1924/1 од 23.02.2022 година’’ се бришат.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Град Скопје,,

Број __________
________ 2023 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 36/02), утврдена е надлежноста на Советот. Согласно член 14 од законот, во вршење на своите надлежности, општините можат меѓусебно да соработуваат. Заради остварување на заедничките интереси и вршење на заедничките работи од надлежност на општините, тие можат да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби, во согласност со закон. Согласно член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“број 79/09), одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Оттаму, поаѓајки од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општина Шуто Оризари како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација, констатирано е дека за реализација на проектот за реконструкција на улица „Македонско Косовска Бригада“, крак 38 и крак 40 во Општина Шуто Оризари потребни се 5.831.140,00 денари, со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје се обезбедини од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување на одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Шуто Оризари за реконструкција на улица „Македонско Косовска Бригада“, крак 38 и крак 40.